ECA

# Документ за политики:

## Академија за Европско Граѓанство

pistes solidaires

Co-funded by the European Union

ECA

Co-funded by the European Union

## ИМПЛЕМЕНТИРАН ОД

pistes solidaires

## ВО ПАРТНЕРСТВО СО

Fundacja Centrum Aktywności Twórczej

United Societies of Balkans

Cazalla Intercultural

Poraka Nova

CCBE Empowering Youth

Associazione TDM2000

AJD Associação Juvenil de Deão

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Иднината на Европската унија (ЕУ) се потпира на рамената на информирано, ангажирано и обединето граѓанство.

Овој документ за политики тврди дека сеопфатното Образование за Европа (Education to Europe - E2E), кое ги опфаќа и формалното и неформалнотообразование, претставува неопходна основа за градење на отпорна, демократска и просперитетна Европска иднина.

Ги повикуваме креаторите на политики, институциите за формално образование, организациите за неформално образование и младински организации, значително да ја зголемат својата посветеност и соработка за да вградат подлабоко разбирање кое вклучува акционо-ориентирано разбирање на ЕУ во сите образовни средини.

Оваа инвестиција е клучна за борба против евроскептицизмот, поттикнување на активното граѓанство и обезбедување на континуирани успех на европскиот проект.

**Проектот Академија за европско граѓанство - European Citizenship Academy (ECA)** започнат за да се развијат методи, ресурси и добри практики собрани низ Европа, со намера да предложи и поддржи ефективно „Образование за Европа" (E2E). Во текот на две години, собиравме повратни информации од млади луѓе, тестиравме алатки, игри и пристапи, и идентификувавме како и со чија помош може да се постигне целта за подобро образование за Европа

# ПОТРЕБАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЕВРОПА (E2E)

Образованието за Европската унија не е само академски предмет, тоа е основна граѓанска компетенција, витална за демократијата и за општествената кохезија.

**Зошто E2E е клучно за иднината на ЕУ**

1. **Зголемување на демократијата и активното граѓанство:** Незнаењето за институциите на ЕУ, политиките и нивното директно влијание врз секојдневниот живот создава апатија и чувствителност кондезинформациите. E2E ги опремува граѓаните, особено младите, со знаења кои им овозможуваат да носат одлуки врза база на информираност за време на изборите, критички да ги оценуваат развојните случувања во ЕУ и активно да учествуваат во демократските процеси (на пр., Европски граѓански иницијативи, учество на ЕУ изборите). Ова е клучно за зајакнување на демократската легитимност на Унијата.
2. **Градење европски идентитет и кохезија:** ЕУ е многу повеќе од само еден продукт; тоа е заеднички проект заснован на заеднички вредности. E2E поттикнува чувство на европски идентитет покрај националниот и локалниот, промовирајќи меѓусебно разбирање на различни култури, историја и перспективи низ земјите членки. Оваа интеркултурна компетенција е клучна за општествена кохезија и солидарност, особено пред внатрешни поделби и надворешни притисоци.

# ПОТРЕБАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЕВРОПА (Е2Е)

3. **Подготовка за глобализирана иднина:** ЕУ е значаенглобален играч. Образованието кое ги опфаќа улогата на ЕУ во глобалните прашања – од климатски акции и одржлив развој до дигитална трансформација и надворешна политика – ги подготвува младите да бидат ефикасни, глобално свесни граѓани, подготвени да се справат со комплексни транснационални предизвици кои, ниту една земја членка не може сама да ги реши.

4. **Зголемување на вработливоста и мобилноста:** Е2Е, особено преку програми како Еразмус+ и Европската образовна област - European Education Area (EEA), промовира учење преку мобилност и стекнување трансверзални вештини (како познавање јазици, тимска работа, приспособување) кои се ценети на пазаротна трудот во ЕУ. Разбирањето на политиките на ЕУ за професионално признавање и дигитални вештини претставува фундаментална предност за идните генерации.

# ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЕУ: ИДЕНТИФИКУВАНИ ПРЕДИЗВИЦИ

И покрај целокупниот позитивен ангажман, идентификувавме пречки што се повторуваат:

- **Видна оддалеченост и сложеност на институциите од ЕУ** кои на младите им го отежнуваат концептот на граѓанство за да се поврзат.
- **Дезинформации и ниско ниво на доверба** во политичките структури ја намалуваат мотивацијата на младите да учествуваат.
- **Социо-економски прашања** и локални проблемичесто имаат приоритет над апстрактните европски теми.
- **Ограничени ресурси и време** ја намалуваат способноста на организациите да подготват интерактивна и привлечна образовна содржина.

Јазичните и културни бариери го отежнуваат ширењето на знаењето низ различните заедници.

ECA

# ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЕУ: ИДЕНТИФИКУВАНИ ПРЕДИЗВИЦИ

## Добри практики и алатки

За да сесправат со овие предизвици, организациите користат:

- **Алатки за неформално образование,** како што се игри со улоги, дебати, работилници и симулации.
- **Дигитално и играно (гемифицирано) учење**, вклучувајќи квизови, апликации и онлајн платформи.
- **Партнерски проекти**, како што се размениპреку Erasmus+ и локални партнерства со училишта и невладини организации.
- **Користење на социјалните медиуми** за комуникација за вредностите на ЕУ визуелен начин преку кој ќе може да се поврзат.

Овие методи поттикнуваат критичко размислување, го поддржуваат дијалогот и градат чувство на припадност кај младите учесници.

# НИЗ ЦЕЛИОТ ЕСА ПРОЕКТОТ СЕ ПОЈАВИЈА НЕКОЛКУ ПРИОРИТЕТИ КОИ СЕ ПОВТОРУВААТ:

- **Образование и подигање свест** – Силен повик за интегрирање на образованието за европско граѓанство во формалното и неформалното учење, со ќе им овозможи повеќе да се вклучат, да биде инклузивно и достапно за сите.
- **Младинско учество** – Желба за поконкретни улоги на младите во донесувањето одлуки во ЕУ, не само консултации, туку и ко-креирање на политики.
- **Комуникација и достапност** – Потреба за појасна и покреативна комуникација со ЕУ, нејзината цел, права и можности.
- **Дигитални и креативни алатки** – Нагласок на иновации преку игри, социјални медиуми, фестивали и технологии за да се направи учењето за ЕУ релевантно и забавно.
- **Одржливост и зелено граѓанство** – Поврзување на образованието за ЕУ граѓанство со еколошката свест и одговорно однесување ориентирано кон заедницата.
- **Инклузија и еднаквост** – Заедничко уверување дека образованието за европско граѓанство мора да ги отсликува еднаквоста, различноста и солидарноста.
- **Мобилност и размени** – Повици за подостапни и праведни можности за прекугранично учење и волонтирање.

# УЛОГАТА НА ФОРМАЛНОТО И НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Постигнување на сеопфатното E2E бара силно, сплотено партнерство помеѓу формалното образование (училишта, универзитети) и неформалното образование (младинска работа, граѓански организации).

**Придонесот на формалното образование**

Формалното образование мора да ги интегрира темите за ЕУ во наставните програми во различни предмети — историја, граѓанско образование, економија и јазици — не како дополнителна содржина, туку како основна компонента на граѓанското образованието во 21-виот век.

- **Интеграција во наставните програми:** Да оди подалеку од учењето на основните факти за институциите. Фокусот да биде на критичка анализа на дебатите, успесите и предизвиците за политиките на ЕУ.
- **Обука на наставници:** Да се инвестира во задолжителен, квалитетен и професионален развој за наставниците, за да се обезбеди потребната експертиза и педагошки алатки за да можат да предаваат сложени теми за ЕУ кои ќе бараат поголема вклученост на непартиски начин.
- **Промоција на мобилност:** Да се осигура дека мобилноста на учениците и наставниците преку програми како Erasmus+ е треба да биде достапна, инклузивна и призната како витален дел од образовниот пат.

ECA

# УЛОГАТА НА ФОРМАЛНОТО И НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Динамичната улога на неформалното образование и младинската работа**

Организациите за неформално образование (НФО), вклучувајќи младински здруженија, имаат уникатна способност да го реализираат Е2Е преку партиципативни, експериментални и ученички ориентирани методи.

- **Експериментално учење:** НФО се истакнува во преведувањето на апстрактните концепти на ЕУ во опипливи искуства, поттикнувајќи критичко размислување и меки вештини неопходни за активно граѓанство. Ова вклучува младински размени, волонтерски проекти (European Solidarity Corps-ESC), симулации и структури за младинско учество.
- **Допир до младите од маргинализираните средини:** НФО често допира до млади кои се исклучени од формалното образование или демократските процеси, нудејќи клучен пат кон инклузивно граѓанско учество.
- **Обука на младински лидери:** Опремување на младински работници и волонтери како мултипликатори за водење дискусии за ЕУ кои се релевантни за животот и интересите на младите.

# ПРЕПОРАКИ ЗА АКЦИЈА

За да се претвори оваа визија во реалност, ги предлагаме следните конкретни препораки, кои се однесуваат на различните улоги на клучните засегнати страни:

# ЗА ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЕУ И НАЦИОНАЛНИТЕ КРЕАТОРИ НА ПОЛИТИКИ

- **Воспоставување на заедничка рамка за компетенции за образование за европско граѓанство:** Развивање необврзувачка, но широко прифатена рамка, базирана на постојачките иницијативи (на пр., Референтната рамка за компетенции за демократска култура на Советот на Европа), за да ги насочи земјите-членки во врска со резултатите од учењето за Е2Е на сите нивоа.
- **Обезбедување соодветнои насочено финансирање:** Ограничување на финансирањето во рамките на програмите на ЕУ (Еразмус+, Европски корпус за солидарност, Европски социјален фонд плус (ESF+) за конкретна поддршка на меѓусекторски Е2Е проекти кои вклучуваат формални училишта и партнери од НФО, со фокус на европското граѓанство. Самото студирање или престој во странство, иако е моќен катализатор, не е доволно за воспоставување европско чувство на припадност.
- **Задолжителна граѓанска писменост**: Воведување или зајакнување на компонента за задолжително граѓанско образование во националните наставни програми што вклучува суштинска, актуелна и критична содржина за ЕУ.

ECA

# ЗА ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЕУ И НАЦИОНАЛНИТЕ КРЕАТОРИ НА ПОЛИТИКИ

- **Развивање на сеопфатна стратегија на ЕУ за граѓанско образование:** Интегрирање на формални, неформални и дигитални рамки за учење низ сите земји членки и партнерски држави.
- **Поврзување на еколошкото и граѓанското образование** во рамките на иницијативите на Зелениот договор, правејќи ја одржливоста како дел од граѓанскиот идентитет и одговорност.
- Обезбедување на кохерентност на политиките помеѓу развојните цели (DGs) (Образование, Животна средина, Млади и Вработување) каде европското граѓанство ќе се воведе како меѓусекторска темка која ќе ги опфаќа сите иницијативи поврзани со младите.

# ЗА ФОРМАЛНИТЕ ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ

- **Интегрирање на ЕУ перспективи низ сите дисциплини**: Обука на наставници за истакнување на европската димензија во различни предмети — од разбирање на (ЕУ) законите на ЕУ во граѓанското образование до европското наследство во историјата и (ЕУ) економските политики во бизнис студии.
- **Давање приоритет на европската мобилност на наставниците:** Активно промовирање и финансиска поддршка за учеството на наставниците во Еразмус+ мобилност за да им се овозможи од прва рака да ја искусат (ЕУ) различноста и да ги збогатат своите методи за настава.
- **Развивање тренинг курсеви за** (ЕУ) образование за наставници.

# ЗА НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И МЛАДИНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

- **Систематизирање на соработката:** Воспоставување формални механизми на локално и регионално ниво за училиштата да можат да соработуваат со младинските организации во спроведувањето на Е2Е (на пр., заеднички проекти, менторства, програми за размена).
- **Фокус на дијалогводен од младите:** Дизајнирање и спроведување образовни активности кои им овозможуваат на младите да ја обликуваат агендата и да дискутираат за иднината на ЕУ преку сопствените прашања и вредности (на пр., климатски промени, ментално здравје, социјална инклузија).
- **Промовирање на алатки за демократско учество:** Активно користете НФО поставки за учење на практични вештини на младитеза демократско ангажирање, како што се структурирано дебатирање, застапување и навигација низ дигиталните јавни простори.
- **Интегрирање на европското граѓанско образование** во националните наставни програми, фокусирајќи се на демократското учество, правата и европските вредности.
- **Поддршка на обука за наставници** и професионален развој во областите на европски студии, граѓанско учество и методологии на неформалното образование.

ECA

# FOR NON-FORMAL EDUCATION AND YOUTH ORGANISATIONS

- Посветете структурирано време за европско учење, како што се годишните „Недели на европско граѓанство" или тематски модули за правата во ЕУ, демократија и одржливост.
- Промовирајте активно учење преку дебати, моделирање на ЕУ симулации, проекти во заедницата и методи на партиципативни учење.
- Дизајнирајте и спроведете програми за неформално образование што ги спроведуваат вредностите на ЕУ во локална акција и вклученост на заедницата.
- Развијте достапни образовни материјали (видеа, комплет алатки, игри, работилници) на сите европски јазици.
- Обезбедете повратни информации до креаторите на политики врз основа на искуствата од терен на младите поврзани сонивното учење и вклученост.
- Поттикнете можности за зелено и дигитално волонтирање што го поврзуваат граѓанското учество со одржливоста.
- Изградете мрежи преку границиза споделување методологии, добри практики и алатки за европско граѓанско образование.

# ЗАКЛУЧОК

За да се изгради генерација на информирани, ангажирани и одговорни европски граѓани, Европската унија и нејзините земји членки мора да усвојат координиран, инклузивен и напреден пристап кон образованието за европско граѓанство.

Ова бара преминување подалеку од апстрактните концепти и фрагментираните иницијативи кон системски, партиципативен модел на учење кој ги поврзува младите директно со вредностите, правата и можностите што ги нуди Европската унија.

Образованието за европско граѓанство треба да биде интегрирано во сите нивоа на учење — од училишта и универзитетидо неформално образование и проекти на заедницата — користејќи иновативни, интерактивнии креативни методи кои ја прават ЕУ опиплива и релевантна за секојдневниот живот.

Образованието за Европа претставува долгорочна стратешка инвестиција, потребна за заштита на ЕУ од фрагментација и за обезбедување на континуиран успех на европскиот проект.

Со јакнење на следната генерација со знаење, критичко размислувањеи чувство на споделена одговорност, креаторите на политики и образовните засегнати страни заедно можат да изградат Унија која е поотпорна, демократска и навистина обединета.

**Времето за сеопфатна, координирана акција е сега.**

# Дознајте повеќе

## Посетете ја веб страницата на проектот

**myeurope.academy**

Co-funded by the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the EACEA. Neither the European Union nor the granting authority can be held responsible for them.